| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до МХЕЦ Мала Река и 20/10 KV кабелски подземен вод од машинска зграда до далековод на КП 16910/1, КО Долно Градче, КО Лешки и КО Јастребник, Општина Кочани |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДПТИ УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева, дипл.инж.арх |
| Назив на работното место | Овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | Биљана Тасева - 070222848 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КОЧАНИ

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до МХЕЦ Мала Река и 20/10 KV кабелски подземен вод од машинска зграда до далековод на КП 16910/1, КО Долно Градче, КО Лешки и КО Јастребник, Општина Кочани,се изработува врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20,111/23 и 171/24), Правилник за урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до МХЕЦ Мала Река и 20/10 KV кабелски подземен вод од машинска зграда до далековод на КП 16910/1, КО Долно Градче, КО Лешки и КО Јастребник, Општина Кочани е со површина на проектен опфат – 0.2ха. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до МХЕЦ Мала Река и 20/10 KV кабелски подземен вод од машинска зграда до далековод на КП 16910/1, КО Долно Градче, КО Лешки и КО Јастребник, Општина Кочани, е обезбедување на пристап до локација за која постои планска документација за изградба на мала хидроелектрана. Машинската зграда на хидроелектраната Мала Река е поставена на оддалеченост од локалниот пат од околку 70м, така што нема пристап за моторни возила. Затоа се јавува потреба од изградба на пристапен пат кој би овозможил непречено функционирање на хидроелектраната. Пристапниот пат | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

| |
|---|
| започнува со спој со локалниот пат, и е со должина 63,56 м во правец. Патот завршува на влезот во парцелата на машинската зграда. Освен пристапниот пат со проектната документација е предвиден кабелски вод за делница која започнува од новопланиран столб до парцелата на машинска зграда и е со должина од 641м. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2024 год. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Нема строго законско ограничување |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Предметниот проектен опфат е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Северна Македонија, според кој се изработени Услови за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. У06722 за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот со арх.бр. УП1-15 1069/2022 од 14.06.2022 година од Министерството за животна средина и просторно планирање /Сектор за просторно планирање. Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 1988м2 со намена Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури. |






РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата, кои ќе произлезат со имплементација на оваа документација, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>Со реализацијата на проектот се очекува да се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опркужување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.<br>Изградбата ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употребата на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната, ќе бидат локални и со ограничен временски рок. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Наведените позитивни влијанија се од долгорочен карактер, додека можните негативните влијанија се оценуваат како можни, локални и краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фаза на градба, ниту во фаза на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на државата. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасноста од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем | Изградбата на прситапен пат до МХЕЦ Мала Река и |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КОЧАНИ

| | |
|---|---|
| на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | 20/10 kv кабелски подземен вод , ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор и ќе има локално значење. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро – енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на проектниот опфат ќе добие зголемена вредност. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | 1.Согласно Известување бр.11-1661/4 од 15.03.2024г. од МЖСПП – Сектор за Природа и издадените Услови за планирање на просторот од АПП, предметниот опфат се наоѓа во границите на заштитено подрачје "Осоговски Планини" кое што е прогласено со Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V – заштитен предел (Службен весник на РСМ, бр.277/2020). Предметната локација се наоѓа во зоната за одржливо користење.<br>2. Согласно Мислење бр.17-2423/2 од 06.08.2024г. од Министерство за култура – УЗКН, е констатирано дека на подрачјето на предметниот проектен опфат се наоѓа археолошки локалитет Долно Градиште – евидентиран како градиште од доцноантичко време со некропола и старохристијанска црква, и упатуваат за произнесување на НУ Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј Штип. Од НУ ЗЗСК Музеј Штип со допис број 11-217/4 од 05.10.2022г. известуваат дека е направен увид од стручна екипа и констаираат дека во подрачјето на планскиот опфат не се загрозува културното наследство од каков и да било вид. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема |
| Интензивна употреба на земјиштето | Нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Предметниот опфат се наоѓа во границите на заштитено подрачје "Осоговски Планини" кое што е прогласено со Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V – заштитен предел (Службен весник на РСМ, бр.277/2020). Предметната локација се наоѓа во зоната |



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

<table>
<tr><td></td><td>за одржливо користење. Согласно податоците од Условите за планирање на просторот издадени од АПП, Предметниот простор се наоѓа во подрачје “Осогово” кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Проектниот документ предвидува изградба на пристапен пат до МХЕЦ Мала Река и 20/10 KV кабелски подземен вод од машинска зграда до далековод на КП 16910/1, КО Долно Градче, КО Лешки и КО Јастребник, Општина Кочани кој ќе овозможи функционирање на мала хидроелектрана која е предвидена со предходно одобрена проектна документација.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Урбанистичкиот проект е вон опфат на урбанистични план со намена – сообраќајни линиски и други инфраструктури и истиот нема да предизвика негативно влијание врз животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Изградбата на пристапен пат до МХЕЦ Мала Река и 20/10 kv кабелски подземен вод, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Нема</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Проектниот опфат е вон опфат на урбанистички план и не е поврзан со други плански документи во хиерархијата на планирање. Соседна проектна документација на предметниот проект е Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 и придружни објекти КО Лешки и КО Јастребник, Општина Кочани.</td></tr>
</table>



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

| | |
|---|---|
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Предметниот опфат се наоѓа во границите на заштитено подрачје “Осоговски Планини”, за кој е спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина и е изготвен Извештај за стратегиска оценка на животната средина – План за управување со заштитен предел “Осоговски Планини” (2022-2031). | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>/ | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Кочани,<br>Љупчо Папазов |
| Бр.<br>Датум<br>Место Кочани | М.П. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-14/14
04.12 2024 год.
КОЧАНИ